ELECTORAL SUPPORT PROGRAMME
ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ИЗБОРИТЕ
PROGRAMI PËR MBËSHTETJEN E ZGJEDHJEVE

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# Користење на онлајн медиумите за следење на изборните ветувања

Ноември 2024 год.

Автор: Расто Кужел

International Foundation for Electoral Systems

## Содржина

1. Вовед ........ 3

2 Онлајн медиумите како алатка за изборна отчетност ........ 3

3. Оснажување на засегнатите страни преку онлајн медиуми ........ 4

4. Студии на случај: Користењето на онлајн медиумите како алатка за отчетност за време на избори ........ 6

Србија: Истинометар на CTRTA ........ 6

Словачка:VoteMatch на MEMO98 ........ 7

САД: Polifact на Институтот Poynter ........ 8

5. Стратешка рамка за ефективна имплементација ........ 9

6. Препораки ........ 11

Библиографија / Референци ........ 13

## 1. Вовед

Онлајн медиумите имаат двојна улога во однос на политичката отчетност, или да дејствуваат како потенцијален фактор да се нанесе штета на изборите или како моќна сила за демократизација. Иако онлајн медиумите можат да ги засилат емотивните и лажните содржини и притоа да ја поткопуваат довербата во изборниот процес, овие платформи, исто така, имаат потенцијал да ги оснажат гласачите, да го мобилизираат електоратот и да ја зајакнат отчетноста.

Во врска со дадените изборни ветувања, а тие се клучни за обликувањето на очекувањата на гласачите и за легитимитетот на политичарите, традиционалните механизми преку кои се обезбедува отчетност по изборите се честопати доста слаби. Онлајн медиумите сепак го трансформираат овој пејзаж притоа овозможувајќи да се следат изборните ветувања во реално време, како и фазите на реализација на ветувањата, и тоа претставува начин да се прошири пристапот до клучни информации и да се поттикне дијалог помеѓу граѓаните, граѓанските организации  и медиумите. Со оглед на динамичниот онлајн простор што нуди можност за ангажман и унапредување на транспарентноста, овие платформи можат да го зајакнат и демократското владеење.

Во овој документ се разгледува употребата на онлајн медиумските платформи за следење на изборните ветувања. Целта е да се истакнат успешните примери, најдобрите практики и научените лекции од претходните искуства во различни земји, нудејќи рамка која може да се примени на идните избори во Северна Македонија.

## 2. Онлајн медиумите како алатка за изборна отчетност

Онлајн медиуми е широк термин, што подразбира различни форми на дистрибуирање дигитални содржини преку интернет. Примери за такви платформи и формати се: независни новински портали, социјални мрежи (Фејсбук, Инстаграм, Твитер итн.) и платформи за видеа и емитување содржини како што се YouTube, Netflix итн.
Онлајн медиумите значително влијаат врз политичката одговорност, со потенцијал да ги засилат емотивните и лажните содржини што ја поткопуваат довербата во изборниот процес, а истовремено ги зајакнуваат гласачите, го мобилизираат електоратот и ја зајакнуваат одговорноста. Овозможувајќи мониторинг во реално време и поттикнувајќи директно ангажирање околу политичките заложби, онлајн медиумите служат како моќна алатка за промовирање на транспарентноста и зајакнување на демократското владеење.

Изборните ветувања се важен дел од политичките кампањи, кои ги обликуваат очекувањата на гласачите и служат како мерка за легитимитетот на политичарите. Сепак, по изборите, традиционалните механизми за отчетност[1] честопати се

[1] Некои традиционални механизми за отчетност се: парламентарни расправи, комисиски расправи, парламентарни расправи за буџетот, тужби за борба против корупцијата, ревизорски прегледи на финансиски и оперативни практики итн.

соочуваат со неможност да продолжат со понатамошно следење на дадените ветувања во однос на тоа дали се исполнети. Онлајн медиумите ја трансформираа оваа динамика преку можностите што ги нудат за комуникација во реално време, притоа овозможувајќи директна интеракција на избраните функционери со граѓаните и поттикнување на транспарентноста.

Онлајн медиумите можат да ја трансформираат отчетноста за владеењето со тоа што овозможуваат следење на изборните ветувања во реално време, како и следење на фазите на исполнување на ветувањата. Овие алатки помагаат да се проши пристапот до клучни информации, односно се обезбедува широка дисеминација на заложбите на политичарите и тие се лесно достапни за јавноста. Тие, исто така, претставуваат динамичен простор за дијалог, каде што граѓанските организации, медиумите и граѓаните можат директно да комуницираат со избраните претставници, поттикнувајќи транспарентност и оснажување на засегнатите страни за да го оценат постигнатиот напредок.

## 3. Оснажување на засегнатите страни преку онлајн медиуми

Онлајн медиумите се ефективни во однос на можноста што ја нудат на клучните засегнати страни за следење на изборните ветувања. Во овој документ се опфатени следните групи: пошироката јавност, граѓанските организации и новинарите, и опозициските политички партии.

### Поширока јавност

Пошироката јавност е во сржта на секој демократски механизам за отчетност, а онлајн медиумите ги оснажуваат граѓаните да преземат активна улога во следењето на изборните ветувања. Како платформа што овозможува лично искажување, граѓаните преку онлајн медиумите можат да ги изнесат своите грижи, да споделат искуства, и активно да придонесат во напорите за отчетност. Без разлика дали тоа се прави преку блогови, форуми или посебни секции за оставање коментари, граѓаните можат да се вклучат во значајни дискусии за изборните заложби, и со тоа да се засили колективното влијание. Ваквата демократизација на комуникациите овозможува да се слушне и гласот на граѓаните со различно потекло, и тоа претставува начин да се унапреди инклузивноста во процесот на отчетност.

Онлајн медиумите, исто така, ја поттикнуваат соработката и дигиталниот активизам кај граѓаните. Платформите како Facebook групи, WhatsApp канали и наменски форуми овозможуваат да се соберат информациите на едно место, притоа овозможувајќи им на заедниците колективно да го следат и оценуваат исполнувањето на изборните ветувања. Дигиталниот активизам, како што е примерот со движењата #MeToo или #BlackLivesMatter, ја покажува моќта на граѓанските иницијативи за вршење притисок врз политичарите да ги исполнат своите обврски. Со искористување на овие алатки, јавноста може индивидуалните грижи да ги преточи во колективно дејствување, и со тоа да се зајакне целокупната рамка за отчетност во демократското владеење.

**Граѓански организации**

Граѓанските организации играат клучна улога во премостувањето на јазот помеѓу граѓаните и владеењето, а онлајн медиумите помагаат тие да имаат поголема способност да ги следат изборните ветувања. Преку користење на онлајн платформите, граѓанските организации можат да ја подигнат свеста за неисполнетите ветувања и политичката одговорност. Кампањите во кои се користат таргетирани хаштагови, инфографици и видео содржини, можат да го насочат вниманието кон критичните прашања, да го поттикнат јавниот дискурс и да извршат притисок врз избраните кандидати да ги испочитуваат дадените ветувања. Широкиот досег на онлајн медиумите дава гаранција дека дискусиите поврзани со изборните ветувања се инклузивни и достапни за различна публика.

Онлајн медиумите, исто така, ја олеснуваат соработката меѓу граѓанските организации, овозможувајќи им да соработуваат со други организации, медиуми и граѓански групи за да се поттикне колективно дејствување. Преку споделување ресурси, податоци и стратегии, граѓанските организации можат да ги координираат напорите за поефикасно следење и известување за политичките ветувања. Покрај тоа, алатките за онлајн аналитика им овозможуваат на граѓанските организации да ги следат политичките трендови и расположението кај пошироката јавност, а тоа нуди корисни сознанија за перцепцијата на јавноста за изборните заложби. Ваквиот пристап што се заснова на податоци им овозможува на граѓанските организации да ги идентификуваат празнините во отчетноста и да се залагаат за наменски интервенции, притоа зајакнувајќи ја својата улога на чувари на демократското владеење.

**Новинари**

Новинарите имаат клучна улога во истражувањето и известувањето за политичките случувања, а онлајн медиумите значително го подобруваат капацитетот на новинарите за следење на изборните ветувања кои се дадени за време на кампањите. Онлајн медиумите служат како моќни алатки за собирање податоци, нудејќи најнови информации во реално време за активностите на политичарите, настаните во кампањата и изјавите за политиките. Тие, исто така, им овозможуваат на новинарите да ги следат искажаните изборни заложби, и да ги архивираат тие информации за идни анализи. Овие платформи, исто така, обезбедуваат пристап до огромен број на содржини генерирани од корисниците, нудејќи уникатен увид во јавното расположение и реакциите на ветувањата дадени од политичарите. Преку примената на овие алатки, новинарите можат да водат детална евиденција за предизборните ветувања и да ги анализираат обрасците во политичката реторика со текот на времето.

Онлајн медиумите, исто така, ја зајакнуваат способноста на новинарите да ги проверат фактите поврзани со тврдењата на политичките конкуренти. Платформите обезбедуваат моментален пристап до јавните записи, официјалните изјави и архивираните содржини, овозможувајќи вкрстување и проверка на информациите.

Интерактивните функционалности на онлајн медиумите им овозможуваат на новинарите директно да ја вклучат публиката, и со тоа да ги поттикнат заеднички да вложат напори во проверката на фактите. Алатките како што се анкети, сесии за прашања и одговори, и преноси во живо отвораат можности за значаен дијалог со јавноста, поттикнувајќи колективна проверка на изборните ветувања. Овој интерактивен пристап не само што ја подобрува транспарентноста, туку исто така може да помогне во градењето на довербата на јавноста во новинарството, позиционирајќи ги медиумите како клучна алка во барањето отчетност од политичките конкуренти за нивните заложби.

Политички партии во опозиција

## 4. Студии на случај: Користењето на онлајн медиумите како алатка за отчетност за време на избори

Во овој дел се разгледува како онлајн медиумите се ефикасно искористени како алатка за изборна отчетност преку студии на случај од Србија, Словачка и САД. Овие примери ги истакнуваат иновативните пристапи како што се платформите за проверка на факти, апликациите Voting advice (VAAs) и апликациите за следење на ветувањата, покажувајќи го нивното влијание врз следењето на изборните заложби, поттикнувањето транспарентност, и унапредувањето на граѓанскиот ангажман заснован на информираност.

*Србија: Истиномер на CTRTA*[2]

Проектот Истиномер на CTRTA обезбедува робусна алатка за проверка и мониторинг на фактите, со која се оценува точноста, конзистентноста и исполнувањето на политичките ветувања, што е особено корисно како за гласачите, така и за креаторите на политиките. Користејќи транспарентна методологија заснована на податоци што може да се проверат, Истиномер ги следи изјавите и заложбите кои ги дале политичарите, категоризирајќи ги со оценки како што се „Исполнето“, „Неисполнето“ или „Не е воопшто започнато“. Тоа на гласачите им овозможува да оценат дали политичките партии се придржуваат до сопствените вредности и ставови за критичните прашања.

За време на изборите, Истиномер станува непроценлив ресурс за гласачите бидејќи им нуди можност да стекнат увид во претходните настапи на политичките партии и кандидатите, и им помага да направат разлика помеѓу реалните ветувања и празната реторика. Гласачите можат да ги користат „Истиномер“ и базата на податоци со оценките, за да ги споредат партиските програми со постигнатите резултати на кандидатите, и со тоа да се унапреди донесувањето одлуки врз основа на информираност.

Во периодот помеѓу избори, Истиномер и понатаму бара одговорност од државните функционери преку следење на напредокот во ветувањата дадени за време на

[2] CRTA. (n.d.). *Истиномер*. Преземено од https://www.istinomer.rs/

кампањите. Оваа тековна контрола гарантира дека политичарите се и понатаму одговорни за своите заложби за време на целиот мандат. Исто така, Истиномер ја едуцира јавноста за пошироките импликации од политичките изјави и манипулации, поттикнувајќи поинформиран и поангажиран електорат.

Преку архивирање и редовно ажурирање на своите наоди, Истиномер не само што ја зајакнува демократската отчетност, туку и се спротивставува на „културата на заборавање“, бидејќи со текот на времето неисполнетите ветувања може да бидат занемарени. Оваа функционалност која има двојна намена, односно, давање насоки за време на избори и обезбедување доследност во отчетноста, овозможува Истиномер да биде ефикасна алатка за следење и зајакнување на довербата во демократските процеси.

*Словачка: VoteMatch на MEMO 98*[3]

Иницијативите VoteMatch за парламентарните избори во 2023 година и претседателските избори и изборите за Европскиот парламент (ЕП) во 2024 година во Словачка, покажаа каков е потенцијалот на апликациите за давање совети за гласањето (VAAs) во однос на зголеменото знаење кај гласачите и олеснување на учеството на граѓаните во изборите преку нивна информираност за изборите. Преку изнаоѓање на совпаѓања помеѓу преференциите за политики кај корисниците со политичките партии или кандидатите, овие алатки им овозможија на гласачите да го направат својот избор за партиите кои ги споделуваа нивните вредности, притоа пренасочувајќи го фокусот од конкретни личности кон политики. Проектот за парламентарните избори во Словачка во 2023 година привлече над 219.000 лица корисници на алатките и 107.550 пополнети квизови, во кои се вклучија гласачи по прв и втор пат, а одѕивот кај младите се зголеми за 4% од 2020 година (и за 16% во категоријата на гласачи по прв и втор пат во споредба со искажаната намера да гласаат според мерењата во анкетата на јавното мислење спроведена неколку месеци пред изборите). Слично на тоа, за алатките VoteMatch за претседателските избори и изборите за ЕП имаше над 358.000, односно 108.000 поединечни корисници, што укажува на голем одзив и влијание.

VAAs имаат трансформативна улога и вон рамките на изборите, обезбедувајќи механизам за тековна политичка отчетност. За време на периодите помеѓу изборите, овие алатки може да се прилагодат за да се следи колку добро партиите и избраните претставници се придржуваат до нивните предизборни ветувања. Преку вкрстена проверка на политиките што гласачите ги поддржале за време на изборите со законите усвоени во парламентот, VAAs можат да обезбедат сознанија во врска со конзистентноста помеѓу изборните ветувања и донесените законски решенија. Овој пристап ја поттикнува транспарентноста, ги информира гласачите, и ја зајакнува демократската отчетност. Покрај тоа, континуираниот ангажман преку VAAs за време на законодавните циклуси создава политички посвесно граѓанство и ја зајакнува довербата во демократските процеси.

---

[3] MEMO 98 & KohoVolit.eu. (без дата). *Volebná kalkulačka*. InfoVolby.sk. Преземено од https://infovolby.sk/tema/volebna-kalkulacka

Покрај следењето на изборните ветувања, VAAs можат да послужат и како едукативни алатки за да се продлабочи разбирањето на граѓаните за политичките процеси и влијанијата на законодавните одлуки. Преку интегрирање на најновите информации за активностите во парламентот во реално време, како што се евиденција за гласањето, предложени нацрт-закони и исходите од политиките, VAAs може да им обезбедат на корисниците јасна слика за тоа што го преземаат нивните претставници за клучните прашања. Ваквата транспарентност помага да се премости јазот помеѓу граѓаните и законодавците, особено за помладите демографски групи или гласачите по прв пат кои може да се чувствуваат исклучени од традиционалните политички системи. Покрај тоа, преку известувањата и најновите информации кои им се нудат на корисниците според нивните преференции за политики, VAAs можат да обезбедат одржливост во ангажманот на корисниците и со тоа да поттикнат активно учество во јавниот дискурс, што доведува до негување на култура на отчетност и граѓански ангажман врз основа на информираност во текот на изборниот циклус.

*САД: PolitiFact на Институтот Poynter*[4]

PolitiFact има клучна улога за да им помогне на гласачите да ја оценат политичката одговорност, нудејќи им алатки и методологии за следење на изборните ветувања. Мерачите на ветувањата, како што се Biden Promise Tracker или Trump-O-Meter, имаа централно место во нивната мисија. Овие алатки ги оценуваат заложбите дадени во кампањата врз основа на проверливи исходи, а не врз основа само на искажани намери, овозможувајќи им на гласачите да го видат напредокот или неуспехот во исполнувањето на ветувањата со текот на времето. Секое од ветувањата спаѓа во некоја од следните категории: „Во тек“, „Застој“, „Компромис“, „Одржано ветување“ или „Прекршено ветување“, обезбедувајќи јасна слика за политичките резултати. Следењето на ветувањата преку ригорозна проверка на фактите од страна на PolitiFact, на гласачите им обезбедува достапни, непартиски информации за тоа дали политичарите ги исполнуваат дадените ветувања.

Оваа алатка е особено корисна и во периодот помеѓу изборите, и со тоа се поттикнува континуирана политичка отчетност. За време на владеењето, гласачите можат да го користат PolitiFact за да оценат дали постапувањето на политичарите е во склад со нивната реторика и приоритетите истакнати за време на кампањата. На пример, ако кандидатот ветил големи реформи во здравството, но напредокот е во застој, гласачите можат да бараат одговорност или да ја пренасочат својата поддршка врз основа на податоците за постигнати резултати.

PolitiFact, исто така нуди и транспарентност за тоа колку политичките партии или поединци успеваат да бидат во дослух со ставовите на гласачите. Покажувајќи кои ветувања се исполнети или прекршени, на граѓаните им помагаат да оценат дали избраните функционери навистина ги претставуваат нивните интереси. Овие согледувања им овозможуваат на гласачите да располагаат со информации за да

---

4 Институтот за медиумски студии Poynter. (n.d.). *PolitiFact*. Преземено од https://www.politifact.com/

можат да  направат избор на идните избори и да се залагаат за поголема застапеност во реално време, и поради тоа PolitiFact се смета за незаменлива алатка за следење на демократијата во акција.

Покрај следењето на ветувањата, работата на PolitiFact претставува и моќна алатка за поттикнување на граѓанскиот ангажман и борба против дезинформациите. Рејтинзите на  Truth-O-Meter обезбедуваат јасен, достапен начин за оценување на точноста на политичките изјави, нудејќи им на гласачите подлабоко разбирање за прашањата што се разгледуваат. Тоа им помага на поединците да идентификуваат дали нивните претставници ги исполнуваат заложбите или дали реториката што ја користат е погрешна. Фокусирајќи се на транспарентноста и потпирајќи се на примарни извори и експертски анализи, PolitiFact помага да се изгради довербата во политичкиот процес. Покрај тоа, непартиската положба дава гаранција дека алатките и наодите се веродостојни за гласачите низ целиот политички спектар, што дополнително поттикнува дијалог и отчетност во владеењето.

## 5. Стратешка рамка за ефективна имплементација

Извлечените поуки од примерите на Србија, Словачка и САД ја истакнуваат важноста на иновациите, пристапноста, и постојаниот ангажман во насока на искористување на можностите што ги нудат онлајн медиумите за изборната отчетност. Неколку важни аспекти што треба да се земат предвид кога се размислува во насока на користење на онлајн медиумите за следење на изборните ветувања се следните:

*Транспарентност и проверливост*: Алатки како Истиномер (Србија) и PolitiFact (САД) покажуваат дека механизмите за отчетност мора да се потпираат на транспарентни методологии и проверливи податоци. Категоризацијата на ветувањата според јасна метрика, како што се „Исполнето(ветување)“ или „Прекршено (ветување)“, обезбедува кредибилност, и тоа на гласачите им овозможува ефикасно да ги оценат резултатите на политичарите.

*Оснажување на гласачите преку персонализација:* Словачкиот VoteMatch ја истакнува моќта на персонализирањето на ангажманот на гласачите. Преку наоѓање на совпаѓање помеѓу преференциите на гласачите и партиските политики, ваквите алатки не само што го олеснуваат информираното донесување одлуки за време на изборите, туку и ја одржуваат политичката одговорност преку следење на законодавните активности од аспект на предизборните ветувања.

*Континуиран ангажман и во периодот помеѓу изборите*: Заедничка силна страна во дадените примери е нивната посветеност на поттикнување отчетност во текот на изборниот циклус. Целогодишниот мониторинг на Истиномер, мерачите на ветувањата на PolitiFact и пост-изборната функционалност на VoteMatch покажуваат колку е важно да се одржува јавната свест и контрола и во периодот помеѓу изборите.

*Едукација и инклузивност*: Во секој од наведените случаи се нагласува улогата што ја има едукацијата на пошироката јавност за зајакнување на демократските процеси. Без разлика дали тоа се прави преку проверка на фактите, алатки преку кои гласачите се поврзуваат со политиките или за следење на напредокот, овие платформи успеваат да опфатат различни демографски групи, особено млади луѓе или гласачи по прв пат, поттикнувајќи политички свесно и инклузивно граѓанство.

*Борба против дезинформациите*: Проактивниот став против дезинформациите, како што тоа може да се види кај „Truth-O-Meter " на PolitiFact, укажува колку е неопходно да се опфати и откривањето и коригирањето на дезинформациите како дел од напорите за отчетност за да се гради довербата кај јавноста и да се спречат манипулации.

За да се извлече максимум од потенцијалот на онлајн медиумите за изборната отчетност, од клучно значење е да се воспостават јасни и мерливи метрики за следење на ветувањата, како што се крајни рокови, распределба на буџетот и одредници во спроведувањето на политиките. Транспарентноста е дополнително зајакната преку поттикнување на ангажманот на јавноста преку интерактивни алатки како анкети, сесии за прашања и одговори во живо и платформи за содржини генерирани од корисниците. Кампањите во кои се користи хаштаг, како што е # HoldThemAccountable, се моќни алатки за да се привлече вниманието и да се одржат дискусиите околу политичките заложби, што овозможува државните функционери да бидат под лупата на јавноста. Покрај тоа, користењето на напредна анализа на податоци, вклучувајќи анализа на расположението кај јавноста и следење на трендовите, им овозможува на засегнатите страни да го следат јавното мислење, да ги оценат резултатите во работата на политичарите, и да ги идентификуваат празнините во владеењето во реално време.

Соработката и едукацијата се подеднакво важни. Градењето партнерства со медиумите, граѓанските организации, инфлуенсерите и технолошките организации го зголемува досегот и влијанието на кампањите за мониторинг, при што медиумите обезбедуваат видливост, а граѓанските организации обезбедуваат точност на податоците. Унапредувањето на дигиталната писменост преку работилници и кампањи за подигање на свеста им овозможува на граѓаните да стекнат вештини за проверка на содржините, да ги сузбиваат дезинформациите и конструктивно да се вклучат во онлајн просторот.

*Импликации за Северна Македонија*

Следењето на изборните ветувања во Северна Македонија може значително да се зајакне преку интегрирање на дополнителни дигитални и онлајн медиумски алатки за да се поттикне транспарентност, отчетност и ангажман на пошироката јавност. Со оглед на големата пенетрација на интернетот во земјата и активното користење на платформите на социјалните медиуми се отвора можност за систематско следење на политичките ветувања. Развојот на јасна метрика за следење на политичките заложби, односно, поставување рокови, следење на одредниците во спроведувањето на политиките и следењето на распределбата на буџетот, ќе им

овозможи на медиумите, граѓанските организации и граѓаните да ги оценат резултатите од работата на политичарите од аспект на нивните изборни ветувања. Имајќи го предвид недостигот на регулатива за кампањските активности на онлајн платформите, иницијативите за мониторинг предводени од граѓанските организации би можеле да играат клучна улога за зајакнување на изборниот интегритет и транспарентноста.

Ангажманот на пошироката јавност може да се приоретизира преку искористување на онлајн алатките кои им овозможуваат на граѓаните да комуницираат со политичарите, да пријавуваат прекршувања, и да го следат напредокот во заложбите. Унапредувањето на дигиталната писменост и кампањите за подигање на свеста ќе им овозможат на гласачите да ги проверуваат информациите, да ги идентификуваат дезинформациите и да побараат одговорност од политичките актери за нивните ветувања.  Овие мерки, во комбинација со онлајн мониторингот на изборните ветувања, би можеле да помогнат во зајакнувањето на транспарентноста и отчетноста за изборните процеси во Северна Македонија.

**Заклучок**

Интегрирањето на онлајн медиумите во демократскиот процес отвора можност за трансформација во насока на поттикнување отчетност, транспарентност и граѓански ангажман. Преку обезбедување на клучните засегнати страни, односно, новинарите, граѓанските организации и јавноста, со робусни алатки за следење на изборните ветувања,  онлајн медиумите можат да помогнат да се премости јазот помеѓу политичките заложби и реалните резултати од политичкото владеење. Студиите на случај од Србија, Словачка и САД покажуваат дека транспарентноста, континуираниот ангажман, персонализираните алатки за гласачите и проактивните напори се суштински елементи на ефективните рамки за отчетност. Извлечените поуки од овие примери истакнуваат колку е важно да се воспостави јасна метрика, стратегии засновани на податоци, и пристапи за соработка преку кои изборните ветувања ќе се преточат во остварливи резултати, истовремено нагласувајќи ја потребата да се одржи контролата во текот на целиот изборен циклус.

Во Северна Македонија, примената на овие сознанија може да понуди можности за премостување на постојните празнини во политичката отчетност и транспарентност. Преку користење на дигитални алатки за следење на заложбите, зајакнување на институционалниот надзор и унапредување на дигиталната писменост на граѓаните, земјата може да ги зајакне своите демократски процеси и јавната доверба.

## 6. Препораки

Неколку стратегии се препорачуваат со цел да се постигне ефикасност во спроведувањето мониторинг на изборните ветувања преку онлајн медиумите:

**Развој на пристапни алатки за следење**

Развој на едноставни онлајн платформи или мобилни апликации по мерка на корисниците, кои им овозможуваат на граѓаните да го следат напредокот на изборните ветувања. Овие алатки може да вклучуваат контролни табли на кои се прикажани категории на ветувањата, односно, „Во тек“, „Исполнето“ или „Неисполнето“. Користењето на постоечките поевтини платформи, како што се веб-страниците или страниците на социјалните медиуми, овозможува пристапност за младата публика со ограничено користење на ресурси.

**Искористеност на онлајн медиумите за ангажман на пошироката јавност**

Користење на популарните платформи како што се  Фејсбук и Инстаграм, кои во голема мера се користат во Северна Македонија, за да се спроведуваат кампањи за подигање на свеста и да се вклучи пошироката јавност во напорите за следење на изборните ветувања. Интерактивните функции, како што се анкети, квизови и сесии за прашања и одговори во живо, може да ги охрабрат младите луѓе да учествуваат во дискусиите за отчетноста на политичарите без да има потреба од значителни финансиски инвестиции.

**Унапредување на дигитална писменост**

Спроведување онлајн работилници или вебинари прилагодени за младите луѓе за да научат како да ги проверуваат информациите, да ги идентификуваат дезинформациите, и активно да придонесуваат во напорите за следење. Партнерства со училишта, универзитети или младински организации за да овие вештини се вклучат во постојните наставни програми, притоа намалувајќи ги трошоците и овозможувајќи поголемо учество.

**Поттикнување соработка меѓу засегнатите страни**

Градење партнерства со локални граѓански организации, медиуми и технички стручни младински групи за да може да се здружат ресурсите и експертизата. На пример, граѓанските организации би можеле да ги проверуваат податоците, додека младите волонтери би можеле да користат дигитални алатки за дисеминација на наодите преку социјалните медиуми, како начин да се создаде модел на соработка преку кој со минимални ресурси ќе се постигне најголемо влијание.

**Користење на постоечките податоци и анализи**

Користење на лесно достапните алатки за аналитика на платформите за социјални медиуми за да се следи расположението на јавноста и нивниот ангажман со изборните ветувања. Преку овие алатки може да се следи како пошироката јавност се поврзува со политичките заложби, и тоа обезбедува вредни сознанија за понатамошните напори за застапување и информирање без дополнителни трошоци.

**Водење кампања со хаштаг**

Започнување иницијативи со користење хаштаг, како што се # PromisesMatter или #TrackThePromises, за да се зајакне свеста и да се одржува континуирана дискусија околу изборните заложби. Поттикнување на младите луѓе да креираат и

споделуваат содржини користејќи ги овие хаштагови, и со минимални трошоци тоа може да ја направи кампањата вирална и одржлива.

**Постизборен ангажман**
Насоченост кон целогодишен мониторинг преку воспоставување редовно известување за состојбата со изборните ветувања преку користење на медиуми без високи трошоци, како што се инфографици, видеа или објави на блогови. Одржливоста на ангажманот гарантира дека напорите за отчетност остануваат релевантни дури и вон рамките на изборните периоди, притоа зајакнувајќи ја важноста на владеењето преку исполнување на ветените заложби. Преку спроведување на овие стратегии со ниски трошоци и насочени главно кон младите луѓе, Северна Македонија може ефикасно да ги следи изборните ветувања, да ја оснажи својата млада популација, и да ги зајакне механизмите за демократска отчетност.

## *Библиографија / Референци*


УНЕСКО (2021). *Избори во дигитално доба: Водич за практичари на избори* (R. Krimmer, A. Rabitsch, R. Kužel, M. Achler, & N. Licht, Authors). УНЕСКО Преземено од https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000382102

Канцеларија за демократски институции и човекови права (ОДИХР). *Претседателски и парламентарни избори во Северна Македонија , 24 април и 8 мај 2024 година: Конечен извештај. ОБСЕ, 2024*. Достапно на https://www.osce.org/files/f/documents/5/e/576648.pdf.

Европска комисија. *Извештај за Северна Македонија за 2024 година*. Работен документ на Комисијата, придружен документ на Комуникацијата за политиката на проширување на ЕУ од 2024 година, SWD(2024) [Број на документ], 30 октомври 2024 година. Достапно во European Neighbourhood Policy and Enlargement Negotiations.

Kužel, R. (n.d.).*Мониторинг на медиумското покривање на изборите: Прирачник за граѓански организации*. Совет на Европа, во соработка со Канцеларијата на Советот на Европа во Украина. Преземено од https://rm.coe.int/monitoring-of-media-coverage-of-elections-toolkit-for-civil-society-or/1680a06bc6

Martin-Rozumiłowicz, B., & Kužel, R. (2019, август). *Социјални медиуми, дезинформации и изборен интегритет*. Работен документ на ИФЕС. – Меѓународна фондација за изборни системи (ИФЕС), Преземено од https://www.ifes.org/publications/social-media-disinformation-and-electoral-integrity



Одрекување: Оваа презентација е направена во рамките на Програмата за поддршка на изборите на Владата на Швајцарија, спроведувана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Ставовите, мислењата и содржината опфатени со оваа презентација неопходно не ги отсликуваат ставовите на донаторот, проектот или организацијата за имплементација.